ТИКВЕШ

ВИНАРСКА ВИЗБА

# Соопштение од Винарска визба Тиквеш АД Скопје

*Скопје, 25 октомври 2011*

**Винарска визба "Тиквеш" АД Скопје информира дека на денешната седница на Надзорниот одбор, досегашниот генерален директор Ѓорѓи Петрушев, на негово барање е ослободен од функцијата Член на Управниот одбор и Генерален директор, заради преминување на нова позиција во компанијата М6, при што и понатаму ќе и помага на винаријата во нејзиниот развој. За нов член на Управниот одбор е именуван Игор Илиевски, менаџер со искуство во маркетингот и продажбата.**

Промената во раководењето со најголемата македонска винарија природно се надоврзува на заокружувањето на процесот на технолошко модернизирање и организационо преструктурирање на компанијата кој интензивно се одвиваше во изминатите осум години и во кој беа вложени повеќе од 25 милиони евра. Целта на овој процес беше создавање на најсовремена пазарно ориентирана винарија, способна да се соочи со сите предизвици и да го зазаме местото на светскиот пазар на вино кое несомнено го заслужува.

Зацврстувањето на позицијата во регионот, пробивот на бројни нови пазари, благодарение на врвниот квалитет на вината на ВВ „Тиквеш", оценети со највисоки оцени од најпознатиот светски вински критичар Роберт Паркер, се најдобар доказ дека винаријата продолжува да се развива во вистинската насока, што во голем дел се должи на посветеноста, ентузијазмот и енергијата на досегашниот раководен тим на винаријата и нејзините вработени.

*„За краток временски период винарската визба „Тиквеш" направи огромен исчекор во својот развој за што несомено заслуга има и досегашниот генерален директор и целиот тим. Веруваме дека оваа промена ќе внесе дополнителна динамика во интензивните процеси кои се одвиваат во винаријата, а особено во зацврстување на нејзините позиции на домашниот и регионалните пазари, како и освојување на нови пазари ширум светот. Со тоа компанијата несомено влегува во нова развојна ера во која сите заедно ќе ги валоризираме бенифитите од досегашните и идни вложувања"*, се вели во официјалната изјава на М6, во својство на најголем акционер во винарската визба „Тиквеш".

Новиот член на УО Игор Илиевски, кој формално треба да биде назначен за Генерален директор на ВВ „Тиквеш" на следната седница на УО на компанијата, има долгогодишно искуство во маркетингот и продажбата на пијалаци, како маркетинг менаџер во Пивара Скопје АД и директор на Coca-Cola Hellenic во Црна Гора.

Досегашниот генерален директор на ВВ „Тиквеш" Ѓорѓи Петрушев, со своето големо искуство и знаење и понатаму ќе и помага на винаријата во остварување на нејзините стратешки развојни цели извршувајќи нова функција во структурите на доминантниот акционер, компанијата М6. Новата функција опфаќа менаџирање на постојното

портфолио на инвестиции и идентификација на нови инвестициони можности, што во услови на светската финансиска криза ќе биде особен предизвик.

Винарска визба Тиквеш АД Скопје